## Работилница 3. Црна овца

### Материјали:

- лист хартија со напишано: СЕ СОГЛАСУВАМ
- лист хартија со напишано: НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ
- селотејп
- табла и креда
- материјали за воведна и/или завршна активност

### Главна активност 1

Сите седат во круг и замислуваат дека се еден обичен клас кој за време на големиот одмор се расправа околу тоа дали целиот клас да избега од наредниот час. Се бара еден доброволец (некој/а меѓу поблијателните во класот) кој ќе ја преземе улогата на иницијатор и ќе се обиде да ги наговори соучениците да избегаат од час. Насамо, нему/неа му/ѝ се кажува да користи најразлични тактики за да ги придобие останатите (на пример, може да им ветува нешто, може да ги заплашува итн.).

После најмногу пет минути убедување, на групата ѝ се кажува дека иницијаторот знае да биде добар со другите кога прават како ќе им каже, но знае да биде и многу лош кон останатите кога не го слушаат.

По неколку минутно убедување се прекинува активноста без разлика што се договорила групата.

### Дискусија 1

1. Имаше ли случаи да не се согласувавте со тоа што ви го велеше иницијаторот, а сепак се сложивте да постапите така како што ви кажува? Зошто?
2. Како се обидуваше тој да ве убеди? Со што се служеше?

### Заклучок

Понекогаш постапуваме според тоа како другите ќе ни кажат или бараат од нас, иако воопшто не се согласуваме со тоа.

Понекогаш другите се упорни во своите барања за да добијат нешто од нас без разлика што ние тоа не го сакаме. При тоа, кога се прави притисок, се користат најразлични тактики: од ветувања за давање нешто, до разни уцени (ќе ни земаат нешто, нема да ни дадат нешто, ќе ни направат нешто, ќе кажат нешто за нас на другите итн.).

### Главна активност 2

На табла се запишува следнава реченица: „Подобро е да се согласиш со другите, отколку да бидеш прогласен за 'црна овца'!". Учениците, во зависност од тоа дали се согласуваат со тврдењето, застануваат на едниот крај на просторијата каде е залепен лист хартија на кој пишува: „не се согласувам", или на другиот крај на просторијата каде е поставен лист хартија на кој пишува: „се согласувам". Може да се застане и на средина доколку подеднакво се согласуваат и не се согласуваат со тврдењето, или може да се застане и некаде поблиску или подалеку од едниот или другиот крај, во зависност од тоа до кој степен се согласуваат или не се согласуваат со тврдењето.

Откако сите ќе се позиционираат, наставникот дава збор на двајца-тројца ученици кои застанале на крајот: „се согласувам". Откако ќе се ислушаат аргументите на овие ученици, се дава збор на на двајца-тројца ученици кои застанале на крајот: „не се согласувам" и на крај се дава збор и на еден или двајца ученици кои застанале некаде на средина. По потреба наставникот може повторно да им даде збор на учениците кои се позиционирале на другите краеви.

Претходно, наставникот уште од самиот почеток им нагласува на учениците дека во текот на изложувањето на аргументите секој може да си ја смени позицијата (местото каде што застанал/а) ако го смени ставот. Ако некој го направи тоа, му/ѝ се дава збор за да ја образложи својата постапка.

### Дискусија 2

1. Што ако секогаш се согласуваме со другите? Има ли проблем во тоа?
2. Пожелно ли е да имаме „црни овци" во училиштето, семејството, општеството? Зошто?

### Заклучок

Кога секогаш се согласуваме со другите, со групата или со мнозинството, може да настане проблем ако мнозинството не е во право. Во ситуации кога се прекршуваат нечии права или се постапува спротивно на законот, а никој не реагира, молчењето, и следствено согласувањето со другите, со мнозинството од една страна го поддржува чинот на прекршување на правата или законот, и од друга страна се стимулира тоа да стане практика.

Тие што се прогласени за „црни овци" во одредени средини и во одредени околности, се повеќе од пожелни, бидејќи тие знаат да претставуваат глас на разумот со својот критички однос кон нештата. Проблем може да биде само кога несогласувањето со другите се изразува на деструктивен начин кон другите или кон себе.

### Завршна активност

Предлог: Следи го водачот

**Рефлексија**

1. Што правевме денеска?
2. Како се чувствувавте?
3. Што научивме?
4. Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?